**20210180255**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 17-р став (2) од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.18/20), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА СТРУЧНО ЛИЦЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на уверението за положен стручен испит за стручно лице за безбедност при работа (во натамошниот текст: уверението).

Член 2

Уверението се издава на образец со А4 формат, кој се печати на хартија во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за формата и содржината на Уверението за положен стручен испит за стручно лице за безбедност при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/16).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-172/3
20 јануари 2021 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Јагода Шахпаска**, с.р.

Република Северна Македонија

**Министерство за труд
и социјална политика**

# У В Е Р Е Н И Е
## ЗА ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА СТРУЧНО ЛИЦЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

На ____________________________________________
(име, татково име и презиме)

роден-а на ______________ година во ______________________
(датум на раѓање) (место на раѓање)

кој-а на ден ______________ година го положи испитот за:

**СТРУЧНО ЛИЦЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА**

Место и датум на издавање: ______________________

Евидентен број на уверението: ________

Министер,

____________________